# НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА НЕПРИЈАВЕНАТА РАБОТА ПОМЕЃУ РОМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Промоција на декларирана работа кај Ромите 2021-2023**

## Кратенки

АРС – Анкета за работната сила

АВРСМ – Агенција за вработување на Република Северна Македонија

ЦВ- Центри за вработување

БДП – Бруто домашен производ

ДЗС – Државен завод за статистика

ДИТ - Државен инспекторат за труд

ДПИ - Државната пазарна инспекција

ЕСС – Економско социјален совет

ЕУ – Европска унија

ЗЕЛС – Заедница на Единици на Локалната Самоуправа

КЗПВРСМ – Кабинет на заменик на претседател  на Владата на РСМ.

ЛЕСС - Локални економско-социјални совети

ММП – Микро и мали претпријатија

МСП – Мали и средни претпријатија

МТСП – Министерство за труд и социјална политика

МЕ – Министерство за економија

МОТ – Меѓународна организација на трудот

МФ – Министерство за финансии,

МП-Министерство за правда

МИОА – Министерство за информатичко општество и администрација

РБРСМ-Развојна банка на Република Северна Македонија

НВО – Невладини организации

РЕФ - Фонд за образование на Роми

РСМ -  Република Северна Македонија

РСС - Совет за регионална соработка

РОМСКИ НВО

УЈП - Управата за јавни приходи

ЦРСМ – Централен регистар на Северна Македонија

ЦУ - Царинска управа

**Вовед**

Овој документ е изработен во рамките на Проектот **Интеграција на Ромите 2020**-помош на Владата на Република Северна Македонија за спроведување на **Патоказот 2019-21**, како дел од процесот за постигнување на заложбите од Познанската декларација и интеграцијата во ЕУ. Во рамките на оваа помош предвидена е техничка поддршка на Владата за развој на **Национална програма за трансформација на непријавената работа меѓу Ромите во Република Северна Македонија 2021-2023.** Техничката поддршка се состои од обезбедување стручни консултанти за работа со засегнатите страни со цел целосно развивање на таква програма.

**Целта** е да се развие Програма за трансформација на непријавената работа кај Ромите во Република Северна Македонија со работен наслов **„Промоција на декларирана работа кај Ромите"**.

Целта на Програмата е намалување на непријавената работа кај Ромите од 39% на 25% до 2025 година.

Програмата опфаќа неколку компоненти:

- **Правно опкружување** погодно за формализација на непријавената работа, вклучително социјално осигурување и отпис на долгови, што повлекува измени и усвојување на ново законодавство потребно за преземање активности за трансформација на непријавената работа
- **Директна поддршка на непријавените работници за трансформација** на нивната работа во декларирана преку институционална мрежа за поддршка формирана за оваа намена, приоритет на непријавените Роми и користење на постојните активни мерки за вработување
- **Следење на напредокот во намалувањето** на непријавената работа.

## I. Појдовна основа

Проектот *Интеграција на Ромите 2020* се спроведува од Советот за регионална соработка (РСЦ), Акционен тим за интеграција на Ромите, финансиран од Европската унија и Фондацијата Отворено општество. Тој е во согласност со рамката на ЕУ за национални стратегии за интеграција на Ромите до 2020 година и процесот на проширување на ЕУ.

Програмата за Промоција на декларирана работа кај Ромите е изработена преку партиципативен пристап со активно учество на засегнатите страни, Министерството за труд и социјална политика(Сектор за координација и техничка помош на министерот, Сектор за политики од областа на трудово право и политики за вработување, Сектор за социјална заштита), Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Кабинетот на Премиерот на Република Северна Македонија, претставници на невладиниот сектор.

Во таа насока се одржаа неколку консултативни состаноци на релевантните засегнати страни за да се обезбедат сите идеи и информации потребни за развој на програмата, вклучувајќи детали за постојното законодавство, мерки и финансирање.

Согласно Патоказот 2019-2021[1], стапката на вработеност во РСМ во 2019г. кај Ромите е 22%, додека кај другите невработени лица 40%. Со својата Национална стратегија за интеграција на Ромите, РСМ настојува постепено да го намали јазот во стапката на вработеност. Целната вредност на стапка на вработеност кај Ромите е поставена на најмалку 35% до членство на Република Северна Македонија во Европската Унија. На тој начин во моментот на пристапување во ЕУ, Република Северна Македонија ќе има јаз од само 5 процентни поени во стапката на вработеност меѓу Ромите и другите невработени лица, во најлош случај. Секако, доколку просечната национална стапка на невработеност се зголемува, што се очекува, јазот помеѓу Ромите и останатото население ќе се намали.

За постигнување на целната вредност во моментот на пристапувањето во ЕУ, утврдени се следниве посредни целни вредности:

- 25% стапка на вработеност кај Ромите во 2021 година и
- 30% во 2025 година.

Со постигнување на овие целни вредности, Република Северна Македонија ќе воспостави стабилен тренд на намалување на јазот во вработеноста помеѓу Ромите и останатите вработени.

Најефективниот и најефикасниот начин за постигнување на поставените цели е да се трансформирање на непријавената работа на Ромите во пријавена.

Според Патоказот 2019-21, појдовната точка во врска со ова е дека 39% од Ромите се занимаваат со непријавена работа, во споредба со 15% кај останатите. Целната вредност е да се трансформира најмалку 24 процентни поени од непријавената работа во пријавена работа кај Ромите.

За да се постигне поставената крајна целна вредност, посредните целни вредности на намалување на непријавената работа кај Ромите преку трансформирање во пријавена работа, се следните:

- 33% во 2021 година и
- 25% до 2025 година

Оваа Програма ги вклучува и релевантните мерки и активности предвидени со:

- Програмата за економски реформи 2021-2023 година, како и во предлог програмата за 2022-2024 (која е во подготовка);
- Стратегијата за формализирање на неформалната економија 2018-2022 година

Главен фокус на мерките за формализирање на економијата во овие стратешки документи е намалување на непријавената работа во рамки на постоечките претпријатија, а во многу помал обем на намалувањето на непријавената работа надвор од претпријатијата. Притоа не се зема предвид социјалната состојба на работниците кои вршат непријавена работа, што е од голема

[1] https://www.google.com/url?sa=t&rct=j&q=&esrc=s&source=web&cd=&ved=2ahUKEwjU_p7NwpHwAhWS2aQKHYhJA6UQFjAAegQIAxAD&url=https%3A%2F%2Fwww.rcc.int%2Fromaintegration2020%2Ffiles%2Fadmin%2Fdocs%2F188dca471166d8dcde24032f170e92ee.pdf&usg=AOvVaw1o8J3VxEHP0czXQhmBeYWh

важност за заокружување на сеопфатниот пристап во трансформирањето на непријавената работа.

Дополнително, вработувањето во голема мерка се потпира на активните мерки за вработување, кои се планираат на годишно ниво во рамките на годишните оперативни планови за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот. Спроведувањето на активните политики и мерки за вработување, покрај од државниот буџет, се финансира и преку редовно финансирање од ЕУ – моментално преку четвртиот директен грант од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) за Активација на ранливи групи на пазарот на трудот со фокус на корисниците на гарантирана минимална помош, како Ромите.

Покрај тоа, во однос на непријавените работници-Роми релевантни се: **Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност**, **Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови** (Сл. Весник на Р.М. бр: 31/2020), како и **Законот за социјална заштита**[2] и другите закони од областа на социјалната заштита.

Клучните аспекти земени во предвид при формулирањето на политиката за трансформирање на непријавената работа во пријавена кај Ромите се следниве:

- Поголемиот дел од непријавените работници Роми се занимаваат со: трговија на отворен пазар или на улица, сезонска земјоделска работа и услуги за чистење (ова особено важи за жените Ромки) и собирање на отпад.
- Социјалната помош, односно гарантирана минимална помош што ја добиваат семејствата кои се занимаваат со непријавена работа претставува значителен дел од нивниот приход;
- Тековните социјални придонеси и даноците на платите се во значителен износ кој сиромашните работници ангажирани на непријавена работа со ниски приходи не можат да си дозволат да го плаќаат, бидејќи стапката на придонеси кај пониските бруто плати е поголема од колку кај оние кои надминуваат 16 просечни плати.
- Промовирање на примена на член 98 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност[3].
- Тековната законска регулатива не овозможува пријавување на работен ангажман на било кој друг начин, освен преку претпријатие, при што се промовира само-вработување преку основање на претпријатија, што најчесто претставува невозможна опција за сиромашни неквалификувани работници кои се бават со ниско профитни дејности и кои на ниту еден начин неможат да раководат со претпријатие во кое би ја работеле работата која тековно ја работат.
- Голем дел од непријавените работници Роми имаат неподмирени долгови (за комунални трошоци, поврат на кредити, итн.) со извршни решенија кои би станале правосилни во истиот момент кога овие лица би станале формално вработени, што би ја направиле нивната финансиска положба невозможна.

---

[2] https://www.mtsp.gov.mk/zakoni.nspx

[3] https://www.mtsp.gov.mk/zakoni.nspx "Работодавач кој ќе вработи работник на неопределено време над бројот на вработените на неопределено време на денот на вработувањето на нови работници, се ослободува од плаќање на персоналниот данок од доход за нововработените работници за време од три години. За остварување на правото од став 1 на овој член, нововработените работници мора да биле евидентирани како невработени лица во Агенцијата најмалку една година. Ако работодавач го намали бројот на работниците вработени на неопределено време на денот на влегувањето во сила на овој закон, го губи правото од став 1 на овој член и е должен да го плати персоналниот данок од доход за времето за кое го користел правото на ослободување."

Поаѓајќи од овие клучни аспекти, при креирањето на политиката за трансформирање на непријавената работа треба да се земе предвид потребата за различен пристап за различните типови економски активности, заради посебните карактеристики и контекст во секоја економска област.

Воедно, за да се избегне ризикот од доведување на работниците и нивните семејства во уште подлабока сиромаштија, трансформирањето на работата во пријавена работа треба да се проследи со постепено намалување на социјалната помош наместо истата да се прекине одеднаш, како и постепено воведување/зголемување на финансиски обврски кон државата наместо очекувањето ваквите работници да регистрираат претпријатие во кое би биле вработени и да ги сносат одеднаш сите трошоци за управување со тоа претпријатие и за подмирување на сите давачки поврзани со нивното вработување.

Исто така, постои потреба од даночни олеснувања за определен период (пр. 1 година) од трансформација на непријавената работа во пријавена. Потоа, даночните олеснувања треба постепено да се намалуваат.

Работата на непријавените работници кои ќе се трансформираат во пријавени работници треба да се организира (како на пример во кооперативи, социјални претпријатија, јавно-приватно партнерство на локално ниво или слично), поддржува, заштитува и развива сѐ додека не стане доволно конкурентна и профитабилна за да обезбедува приход кој овозможува пристоен живот кој ќе им обезбеди излез од сиромаштијата и во крајна линија ќе ја отстрани зависноста од социјална помош, а притоа овие работници да бидат во финансиска, но и друга можност да ги подмират трошоците поврзани со водење на претпријатието во кое работат и плаќање на давачките поврзани со нивното вработување. Воедно, треба да се осигури безбедноста на работното место, а во случај на работни места со опасни влијанија врз здравјето, треба да се размисли дали постои основа за предвидување на намалени услови за пензионирање.

Конечно, преку оваа национална програма за трансформација на непријавената работа помеѓу Ромите во Република Северна Македонија потребно е да се обезбеди долгорочен процес во кој работата на овие непријавени работници ќе се трансформира, не само од непријавена во пријавена, туку и во смисла на модернизација, надградба и ориентација во смисла на новите трендови во економските области во кои се одвива работата. Ова вклучува дигитализација, екологизација, зголемување на енергетската ефикасност, преориентација на работниците од дејности кои стануваат непотребни во новите дејности кои се појавуваат во дадениот сектор итн.

# ПРОМОЦИЈА НА ДЕКЛАРИРАНАТА РАБОТА КАЈ РОМИТЕ 2021-2023

## *Стратешка цел 1: Детектирање и креирање на мерки за намалување на неформалната економија кај Ромите*

Исход: Детектиран систем на состојбата со неформалната економија кај Ромите и зголемен капацитет за креирање на ефикасни политики на носителите на економската,социјалната политика и политика за вработување

| *Активност* | *Индикатор за реализација* | *Временска рамка* | *Фискални импликации (во денари)* | *Одговорни институции* |
|---|---|---|---|---|
| 1. Изработка на сеопфатна анализа за откривање на причините за мотивација за учество во неформалната економија на Ромите, процентуално учество на Роми кои работат неформални бизниси по региони во Република Северна Македонија, по возрасни групи пр. 15-29, 15-64 години, степен на образование. | - подготвен извештај од спроведената анализа | 2021 година | 240.000 | Ромска НВО<br>МТСП-Сектор за координација и техничка поддршка на министерот, Сектор социјална заштита, Сектор за политики од областа на трудово право<br>ДЗС |
| 2. Вклучување на локалната самоуправа[4] во формализација на неформалната економија на Ромите | - Број на поддржани новорегистрирани компании на кои им биле покриени | 2021-2023 година | 468.000 | ЕЛС<br>ЛЕСС |

[4] Во оние општини во Република Северна Македонија во кои согласно претходно направената анализа е констатирано најголем процент на непријавена работа кај Ромите (27 општини)

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| преку покривање на трошоците за месечен надоместок за користење на тезга во период од една година од денот на регистрација на бизнисот за Ромите кои ќе регистрираат дејноста што ја вршат на зелените пазари и други мерки | трошоците за месечен надоместок за користење на тезга во период од една година од денот на регистрација на бизнис | | | ЦВ<br>Локални Ромски НВО |
| 3. Дигитализација и формализација на бизниси водени од Роми во рамките на мерката "Поддршка за самовработување (претприемништво) во рамките на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година | - 50 формализирани бизниси управувани од Роми | 2021 година | 5.531.175 | Здружение РЕДИ-Скопје<br>МТСП<br>АВРСМ |
| 4. Финансиска поддршка со креирање на Мечинг фонд за претприемачи Роми (поттикнување на формализација на бизнисот на Ромски претприемачи) | - број на формализирани бизниси на претприемачи Роми | 2021 година | 61.500.000 | МТСП<br>АВРСМ<br>РБРСМ |
| 5. Вклучување на млади НЕЕТ Роми (15-29 гдини во т.н "Втора можност" во рамките на Планот за гаранција за млади 2020-2022 година (кратки курсеви за преквалификација во рамките на формалниот систем на образование) | - број на вклучени млади НЕЕТ Роми во рамките на т.н "Втора можност" | 2021-2022 година | | Ромски НГО<br>МОН-средни стручни училишта |
| 6. Креирање на ефикасен систем за навремено запознавање на Ромите со активните мерки за вработување и | - Зголемено учество на Ромите во активните мерки за вработување и услуги на | 2021-2023 година | | Локални Ромски НВО<br>Локални медиуми |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| услугите на пазарот на трудот во рамките на годишните Оперативни планови за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот | пазарот на трудот | | | |
| 7. Менторска поддршка на Ромите кои сакаат да се вклучат во активните мерки за вработување и услугите на пазарот на трудот | - Зголемено учество на Ромите во активните мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот | 2021-2023 година | | Локални Ромски НВО |
| 8. Креирање на социјални претпријатија по принципот на веќе формирани социјални претпријатија за неформални дејности во кои најмногу е застапена Ромската популација | - Број на регистрани социјални претпријатија<br>- Број на вклучени Роми во креираните социјални претпријатија, а кои претходно ја вршеле истата дејност неформално | 2022-2025 година | Дел од ИПА Проект Поддршка на социјалните претпријатија | Локални Ромски НВО<br>МТСП<br>Пакомак<br>Единици на локална самоуправа<br>МЖСПП |
| 9. Воведување идентификациони картички за работници во одредени сектори (земјоделство, градежништво, угостителство, итн.) со цел сузбивање на непријавената сезонска работа | - воведени идентификациони картички | 2021 - 2022 година | Дел од ИПА Проект Подобрување на условите за работа | МТСП<br>МЕ<br>УЈП<br>МФ |

## *Стратешка цел 2: Подобро правно/деловно окружување- мотив за формализација на бизнисите/ дејностите управувани од Роми*

Исход: Квалитетното правно/деловно окружување кое нуди бројни придобивки за формалните бизниси водени од Роми и пријавени работници-Роми

| *Активност* | *Индикатор за реализација* | *Временска рамка* | *Фискални импликации (во 000 денари)* | *Одговорни институции* |
|---|---|---|---|---|
| 1. Анализа на постојното законодавството и подзаконски акти поврзани со неформалната економија со препораки за измени (Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност, Закон за надзор на пазарот, Закон за Државниот пазарен инспекторат, материјални закони според кои работат инспекциските служби, Закон за трговски друштва, Закон за Инспекциски надзор, Закон за работни односи, Законот за занаетчиство итн.) со цел олеснување на преминот на Ромите (и други ранливи групи) од неформална во формална економија | - подготвена анализа на постојното законодавството и подзаконски акти со препораки за измени | 2021 година | / | МОТ<br><br>МТСП,<br>МЕ<br>Ромски НВО |
| 2. Измени и дополнување на Закон за отпис на камати и репрограмирање на долгови и | - Направени измени и дополнувања на Законот во поглед на овозможување дополнителни олеснувања при премин од неформална во формална (пријавена работа) на физички лица | 2021-2022 година | / | МП |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2А. Реализирање на информативни средби (кампања) кај Ромската популација за предностите кои ги нуди Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица | - Број на реализирани информативни средби со Ромската заедница | 2022-2023 година | / | МП<br>Ромски НГО |
| 3. Реализирање на информативни средби за подигнување на свеста кај Ромската популација за предностите од формално вработување | - број на реализирани информативни средби со Ромската заедница | 2021-2023 година | Дел од ИПА Проект Подобрување на условите за работа | Ромски НГО<br>ЕЛС<br>МТСП |
| 4. Поедноставување на регулативата за микро и мали претпријатија (согласно првична анализа на трошоците од формалност на ММП) и препорака на една од две опции:<br>- Подготовка на нов специфичен закон за ММП, или<br>- Намалување на административниот товар и трошоците за ММП кои произлегуваат од постојната законска регулатива (Закон за работни односи, Закон за трговски друштва, итн.) или пак помош за изработка на неопходните елаборати | - анализа на постојното законодавството<br>- предложени измени или донесен нов Закон | 2021 година | / | МЕ |
| 5. Изработка на законска регулатива на социјални претпријатија | - Закон за социјални претпријатија | 2022 | / | |
| 6. Поддршка за организирање на групи од непријавени работници во заеднички социјални или регуларни претпријатија | - Број на регистрирани здружени групи од непријавени работници во заеднички социјални или регуларни претпријатија | 2022-2023 | / | |
| 7. Воведување на менторска и финансиско/советодавна поддршка во првата година од регистрација (формализација) на бизниси водени од Роми | - Број на подржани компании со менторска и финансиско/советодавна поддршка | 2021-2023 | / | МЕ |
| 8. Изработка на платформа на Централен регистар на РСМ за поедноставна регистрација на мали и средни претпријатија (пријавување | - воспоставена Функционална платформа на ЦРСМ за регистрација МСП | 2021-2022 година | / | ЦРСМ<br>УЈП |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| на вработени и ДДВ) | | | | |
| 9. Укинување/намалување/субвенционирање на парафискални давачки (пример, здравје и безбедност при работа, фирмарина, локални давачки, елаборати за заштита на животна средина, означување на храна, HASAP систем, санитарни прегледи, дезинфекција и дератизација итн.) како дополнителен мотив за премин од водење на неформален во формален бизнис | - предлог за укинување или намлаувањена непотребни парафискални давачки | 2021-2022 | | МЕ<br>КЗПВРСМ<br>ЗЕЛС |
| 10. Воведување на можност за ослободување од плаќање на ДДВ на лицата од ранливи категории (Роми и др.) кои ќе го формализираат својот бизнис односно активност во првите неколку години, а се однесува на купување на репроматеријали и други суровини и услуги потребни за изведување на нивната работа како претпријатија | - ослободување од плаќање на ДДВ на лицата од ранливи категории (Роми и др.) кои ќе го формализираат својот бизнис односно активност | 2021-2023 година | | МФ<br>УЈП |
| 11. Анализа на добри практики на функционирање на ваучер систем | - подготвена анализа | 2021 | Дел од ИПА Проект Подобрување на условите за работа | МТСП |
| 12. Воспоставување на правна рамка за функционирање на ваучер системот | - Подготвенапредлог правна рамка | 2022-2022 | Дел од ИПА Проект Подобрување на условите за работа | МТСП |
| 13. Пилотирање на систем на ваучери (фокус на дејности со доминантна вработеност на жени, Роми и млади лица со фокус на сезонска работа, повремено давање на услуги, на домашни помошници и др.) врз основа на cost-benefit врз јавните финансии и позитивните | - имплементација на ваучер систем (пилотирање) | 2022 | Дел од ИПА Проект Подобрување на условите за работа, МОТ | МТСП<br>МФ<br>УЈП<br>КЗПВРСМ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| практики во ЕУ. | | | | |
| 14. Мерки за популаризација на новиот систем на ваучери помеѓу Ромското население | - Спроведена кампања за популаризација | 2021-2022 | Дел од ИПА Проект Подобрување на условите за работа | МТСП |
| Поддршка на непријавените работници за трансформација, модернизација и прилагодување на дејноста која ја работат во согласност со новите трендови (како што е дигитализација на работата, трансформација на одредени занимања во други (особено во секторот на управување со отпад – циркуларна економија), енергетска ефикасност, итн.). Поддршката треба да подразбира анализа на состојбата во претпријатието/дејноста, анализа на трендовите и проценка на потребите за трансформација, модернизација, итн. како и конкретна стручна, материјална/финансиска и друга помош за остварување на таквите потреби.<br>(На пример, со воведувањето на циркуларната економија, собирачите на отпад автоматски нема да можат да го прават тоа што го прават, но од друга страна, доколку се инсистира, на пример, секоја градба да биде разградена, а не срушена, за да се ре-употреби се што е можно од материјали, тогаш ќе бидат потребни такви работници. Или на пример продавачите на отворени пазари и улица да имаат опција и за онлајн продажба, итн.) | | | | |
| Исто така, со поддршка на ГИЗ се работи на развој на ваучер во земјоделскиот сектор, за што во тек е анализа на законската регулатив како а и причините, предизвиците и моделите за формализација на сезонскиот труд во земјоделскиот сектор. По завршување на анализата ќе се развиепредлог врз основа на меѓународното искуство адаптирано согласно домашните промени. | | | | |

## *Стратешка цел 3: Системот на социјална/детска заштита во улога на стимулирање и поддршка на формализацијата на неформалните економски активности*

Исход: Воспоставен систем на превентивни и стимулативни мерки од областа на социјална/детска заштита за поддршка на формализацијата на неформалните бизниси и неформално вработените

| *Активност* | *Индикатор за реализација* | *Временска рамка* | *Фискални импликации (во 000 денари)* | *Одговорни институции* |
|---|---|---|---|---|
| 1. Измени и/или дополнување на Законската регулатива од областа на социјална заштита во однос на постепено намалување на износот на социјална помош за оние корисници кои ќе го формализираат својот бизнис на било кој начин (преку ваучер систем, преку социјални претпријатија, преку кооперативи или прекуосновање на сопствено претпријатие). | - Реализирани измени и/или дополнување на Законската регулатива од областа на социјална заштита во однос на постепено намалување на износот на социјална помош за оние корисници кои ќе го формализираат својот бизнис | 2021-2023 година | / | МТСП – Сектор социјална заштита |
| 2. Реализирање на информативни средби (кампања) кај Ромската популација (посебно кај жените Ромки за предностите што се нудат во системот на предшколска возраст (бесплатно престој во градинки за децата од Ромска националност а, со тоа се стимулира женското прептприемништво кај Ромките и регистрација на фирми водени од жени Ромки. | - Број на реализирани информативни средби (кампања) кај Ромската популација (посебно кај жените Ромки<br>- Број на регистрирани /формлизирани бизниси управувани од жени Ромки | 2021-2023 година | / | МТСП<br>Ромски НВО<br>РЕФ |

## Следење и оценување

Следењето на Националната Програма за промоција на декларирана работа кај Ромите ќе се состои од редовно испитување на влезните ресурси, постигнатите резултати од мерките и активностите (број на корисници, реализирани средства), исходите и влијанието на интервенциите од политиката. Тоа ќе се заснова врз систем за собирање информации и анализирање на показателите на успешноста. Одделението за имплементација на Стратегијата за Роми во рамките на МТСП ќе биде одговорно за систематизирање на информациите за следењето што се генерираат од ресорните институции и партнерските организации за целите на нивното презентирање.

Системот за оценување ќе биде интегриран во циклусот на политиката/програмата. Ќе бидат спроведени две активности за оценување: 1) меѓупериодско оценување во 2022 година и 2) завршно оценување во прв квартал 2024 година. Одделението за имплементација на Стратегијата за Роми во рамките на МТСП ќе биде одговорно за координирањето како на меѓупериодичното, така и на завршното оценување.

Меѓупериодичното оценување ќе ги анализира постигнатите резултати на интервенциите, бројот на корисници, финансиското управување, квалитетот на следењето и неговото спроведување. Во споредба со почетната состојба, тоа ќе ги потенцира промените во општиот контекст и ќе оцени дали целите остануваат релевантни. Ова оценување, исто така, ќе испита дали развојот на националните приоритети и политики носи проблеми за кохерентноста. Меѓупериодичното оценување ќе се потпира врз информациите што се извлечени од системот за следење и од севкупниот контекст, како и од неговиот развој во повратни информации за управувањето со планирањето на активностите.

Завршното оценување, што треба да се спроведе во 2024 година, ќе ја оценува севкупната успешност на Акцискиот план. Тоа ќе даде информации за ефективноста и ефикасноста на интервенциите и за тоа во колкава мера биле постигнати очекуваните исходи.

Основните оценувачки и истражувачки прашања ќе бидат поврзани со:

- Релевантност: во колкава мера целите на Акцискиот план одговориле на националните потреби и приоритети;
- Ефективност: во колкава мера биле постигнати целите; дали интервенциите и искористените средства ги дале очекуваните резултати; и дали можело да се постигне повеќе користејќи различни средства;
- Ефикасност: дали целите биле постигнати со најоптимално искористување на расположливите ресурси;
- Одржливост: во колкава мера резултатите, вклучувајќи ги институционалните промени, се трајни со текот на времето.